# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МАРКЕТИНГ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МАРКЕТИНГ ИСТРАЖУВАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование, членовите 30 и 31 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/Економски факултет - Скопје, објавен во весниците ,,Нова Македонија" и ,,Коха" од 9.5.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) маркетинг, по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.5.2019 година, донесе Одлука со број 02-1102/7 од 3.6.2019 година за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно научни звања во научната област: маркетинг, по предметите, Маркетинг истражување и Односи со јавноста. Рецензентската комисија е во состав: Снежана Ристевска-Јовановска, редовен професор на Економскиот факултет-Скопје, д-р Анита Циунова-Шулеска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Нада Секуловска, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за -стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) маркетинг, по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска е родена на 10.02.1984, во Битола. Средно образование завршила во Битола во 2002 година. Со високо образование се стекнала на Економскиот факултет во Скопје во 2006 година на департманот по маркетинг, каде дипломирала со просечен успех 9,56.

Во март 2007 година е избрана за помлад асистент на група предмети од областа на маркетингот на Економски факултет-Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Маркетинг на Економскиот факултет-Скопје. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10,00. На 5.5.2011 година го одбранила